Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-117/4
16-07-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-700/1 од 12.11.2024 година поднесена од Независен синдикат на професионални војници, со седиште на ул. Орце Николов бр. 116 во Скопје, против Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Министерство за одбрана на Република Северна Македонија кон професионалните војници во служба на Армијата на Република Северна Македонија врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи.

**Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-700/1 од 12.11.2024 година, од страна на Независен синдикат на професионални војници („**Синдикатот**") против Министерство за одбрана, за сторена дискриминација врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи.

Според наводите од претставката, на ден 23.2.2023 година, од страна на претседателот на Независниот синдикат на професионални војници било поднесено барање до Министерството за одбрана за трансформирање на работниот однос од определено на неопределено време, во согласност со член 46 став 3 од Законот за работните односи („**ЗРО**"). Наведува дека професионалните војници работат цели 25 години на определено време, продолжувајќи ги своите договори за вработување и по 6-7 пати. Истакнува дека според член 46 став 3 од ЗРО, на секој работник кој работел без прекин 5 години кај ист работодавач му се трансформира работниот однос од определено во неопределено време. Неговото барање било одбиено со образложение дека одредбата од ЗРО не важи за професионалните војници. Според вака добиениот одговор, претседателот на Синдикатот смета дека тој и уште неколку илјади професионални војници се дискриминирани во однос на остварувањето на правото на трансформација на работниот однос од определено на неопределено време.
Последно истакнуваат дека професионалните војници се единствените работници во државата кои работат на определено време 25 години.

<u>Во прилог на претставката беа доставени следните докази:</u>
1. Барање до Министерството за одбрана од 23.2.2023 година;
2. Одговор на барање бр. --------- од --------- година од Министерството за одбрана;
3. Тековна состојба за МУЛТИЕТНИЧКИ СИНДИКАТ Скопје.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 29.11.2024 година испрати Барање бр. 08-700/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за одбрана.

Бидејќи и по истек на законскиот рок, а по изминат подолг временски период, не беше пристигнат одговор од страна на Министерството, Комисијата на ден 20.1.2025 година испрати Ургенција бр. 08-117/1 до Министерството за одбрана за произнесување по наводите од претставката.

На ден 25.2.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Произнесување по наводите од претставката од страна на Министерството за одбрана, заведено под бр. 08-117/2. Воедно беше пристигнато и Известување бр. 08-117/3 со кое од Министерството информираат дека од нивна страна било постапено по Барањето за произнесување и бил доставен одговор со нивни бр. --------- од --------- година со прилог документ од Генералштабот на Армијата ---------.

Информираат дека во Министерството за одбрана, како орган на државната управа од областа на одбраната и безбедноста, постојат повеќе категории на вработени лица, и тоа: административни службеници, помошно технички лица, активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, кои се распоредени согласно Правилник за работни места во Министерството за одбрана и Акт за формација на Армијата.

Во врска со наводите содржани во претставката кои се однесуваат на трансформација на работниот однос од определено на неопределено време за професионалните војници, известуваат за следното:

- --------- е вработен во Армијата со Договор бр. --------- од --------- година за правата и обврските на професионален војник, каде во член 9 се наведени основите за престанок на служба во Армијата, а тој се согласил со одредбите предвидени во истиот.
- Во делот од претставката кој се однесува за трансформација на работен однос од определено на неопределено време согласно Законот за работните односи, известуваат дека согласно член 46 од Законот за одбрана, кој е lex generalis, определено е дека службата во Армијата се уредува со закон. Вработувањето во Армијата се врши врз основа на Закон за служба во Армијата, кој е lex specialis, каде во член 40 став 2 и 3 е пропишано дека професионалните војници склучуваат договор на определено време со времетраење од четири години, кој во зависност од покажаните резултати и потреби на соодветен род, односно служба, може да се продолжи повеќе пати, но најмногу до навршување на 45 години возраст. Воедно, во член 40-а од Законот за служба во Армијата е пропишано дека на професионалните војници на служба во Армијата истата им престанува со навршување на 45 години возраст и со тоа имаат право да засноваат работен однос на неопределено време без објавување на јавен оглас со преземање во органите на државната и локалната власт и други државни органи согласно со Устав и закон, или имаат право на испратнина-еднократен паричен надоместок во висина на двократен износ на просечната нето-плата по работник во Републиката, објавена од Државен завод за статистика, но не помалку од 1000 евра во денарска противвредност за секоја година помината на служба во Армијата. Во ставот 2 од истиот член е пропишано дека за остварување на ова право, професионалните војници се должни да поднесат писмено барање до Министерството за одбрана до денот на навршување на 44 години возраст, а најдоцна до 30 јуни во годината кога навршуваат 44 годишна возраст.

Информираат дека од извршениот увид во службената евиденција за ---------, констатирано е дека договорот за работа му е продолжен до 15.11.2025 година, односно до навршување на 45

годишна возраст, при што има поднесено барање бр. --------- од --------- година во кое се има произнесено за право на испратнина.

Од овие причини, тврдат дека од страна на Министерството за одбрана се испочитувани правата на подносителот на претставката согласно законските одредби и во никој случај не се ускратени правата на професионалните војници од страна на Министерството како работодавач.

Во прилог на произнесувањето беше доставено:

1. Известување од Генералштаб на Армијата ---------.

По увид во наводите од претставката, произнесувањата и доставените одговори, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на претставката укажува на постоење на дискриминација врз основа на работен статус, во остварувањето на правото на трансформација на договорот за вработување од определено на неопределено време.

Имено, во Министерството за одбрана постојат повеќе категории на вработени лица, и тоа: административни службеници, помошно технички лица, активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата. Истите се распоредени согласно Правилник за работни места во Министерството за одбрана и Акт за формација на Армијата.

Согласно член 46 од Законот за одбрана, службата во Армијата се уредува со закон. Вработувањето во Армијата се врши врз основа на Закон за служба во Армијата, кој претставува lex specialis.

Член 40 став 2 и 3 од Законот за служба во Армијата пропишува дека професионалните војници склучуваат договор на определено време со времетраење од четири години, кој во зависност од покажаните резултати и потреби на соодветен род, односно служба, може да се продолжи повеќе пати, но најмногу до наврушување на 45 години возраст.

Член 40-а од Законот за служба во Армијата пропишува дека на професионалните војници на служба во Армијата истата им престанува со наврuшување на 45 години возраст и со тоа имаат право да засноваат работен однос на неопределено време без објавување на јавен оглас со преземање во органите на државната и локалната власт и други државни органи согласно со Устав и закон, или имаат право на испратнина-еднократен паричен надоместок во висина на двократен износ на просечната нето-плата по работник во Републиката, објавена од Државен завод за статистика, но не помалку од 1000 евра во денарска противвредност за секоја година помината на служба во Армијата.

Во ставот 2 од истиот член е пропишано дека за остварување на ова право, професионалните војници се должни да поднесат писмено барање до Министерството за одбрана до денот на наврuшување на 44 години возраст, а најдоцна до 30 јуни во годината кога наврuшуваат 44 годишна возраст.

Согласно **член 46 став 3 од Законот за работните односи**, работниот однос заснован со договор за вработување на определено време се трансформира во работен однос на неопределено време, ако работникот продолжи да работи по истекот на пет години, под услови и на начин утврдени со закон.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други“.*

Индиректната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни“.*

Од наведените факти произлегува дека професионалните војници во текот на целиот нивен работен век (до навршување на 45 години возраст) се ангажирани со договори на определено време, кои се продолжуваат повеќекратно, и покрај тоа што во пракса тие имаат непрекинат работен ангажман во Армијата, под иста хиерархија и организациска поставеност, за исти работни задачи и со постојан карактер на работата.

Иако Законот за служба во Армијата, како lex specialis, утврдува дека договорите со професионалните војници се склучуваат на определено време, тоа не смее да води до нееднаков третман, кој е непропорционален и неоправдан. Фактот дека војниците се единствената категорија вработени во Армијата кои немаат можност за склучување на договор за вработување на неопределено време, односно без можност за трансформација на работниот однос, ги става во понеповолна положба заради нивниот личен и општествен статус.

Иако Законот предвидува можности по престанок на службата, како што се преземање во други државни институции или испратнина, тоа не го негира постоењето на различен третман *за време на* активната служба. Овие можности се предвидени како надомест, односно компензација, *по* завршувањето на службата, но не нудат заштита од правна несигурност и ограничен пристап до права што произлегуваат од работен однос, за време на нивната служба.

Во случајот Комисијата констатира индиректна дискриминација врз професионалните војници, бидејќи со примената на Законот за служба во Армијата тие се ставаат во понеповолна положба во споредба со другите вработени во Армијата. Дополнително, целта што се настојува да се постигне, а тоа е флексибилност и дисциплина во Армијата, не се покажува како доволно пропорционална за да го оправда ваквото исклучување од општото правило за трансформација на работниот однос од Законот за работните односи.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## **ПРЕПОРАКА**

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за одбрана да преземе соодветни мерки за унапредување на правната сигурност и еднаквоста на професионалните војници во однос на другите категории на вработени во Армијата, со што ќе се обезбеди еднаков третман во поглед на работниот статус.

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Министерството за одбрана да иницира постапка за измена и усогласување на Законот за служба во Армијата со начелата на еднаквост и

недискриминација, на начин што ќе се овозможи трансформација на работниот однос на професионалните војници од определено на неопределено време, согласно со Законот за работните односи.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- Независен синдикат на професионални војници, ул. Орце Николов бр. 116, 1000 Скопје
- Министерство за одбрана на Република Северна Македонија, ул. Орце Николов бр. 116, 1000 Скопје